Уп. бр. 08-142

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од страна на АГРАНА Бетеилигунгс-АГ (AGRANA Beteiligungs-AG) со регистрирано седиште на адреса Фриедрицх-Вилхелм-Раиффеисен-Платз 1, 1020 Виена, Австрија, доставено преку полномошник Андреа Лазаревска, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 19.11.2025 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која АГРАНА Бетеилигунгс-АГ (AGRANA Beteiligungs-AG) со регистрирано седиште на адреса Фриедрицх-Вилхелм-Раиффеисен-Платз 1, 1020 Виена, Австрија, стекнува директна контрола над Меркатор-Емба производство на храна д.о.о. (Mercator-Emba proizvodnja hrane d.o.o.) со регистрирано седиште на адреса Тржашка цеста 2Ц, 1370 Логатец, Словенија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 26.09.2025 година, дополнето на 06.10.2025 година и на 21.10.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од страна на АГРАНА

Бетеилигунгс-АГ (AGRANA Beteiligungs-AG) со регистрирано седиште на адреса Фриедрицх-Вилхелм-Раиффеисен-Платз 1, 1020 Виена, Австрија со која АГРАНА Бетеилигунгс-АГ стекнува директна контрола над Меркатор-Емба производство за храна д.о.о. (Merkator-Emba proizvodnja hrane d.o.o.) со регистрирано седиште на адреса Тржашка цеста 2Ц, 1370 Логатец, Словенија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Групацијата на друштва АГРАНА е преработувач на земјоделски суровини, кои се структурирани во три оперативни дивизии: шеќер, скроб и овошје. Таа е главен снабдувач на скробни производи и биоетанол во Европа, и водечка компанија за шеќер во Централна, Источна и Југоисточна Европа.

Групацијата АГРАНА има едно зависно друштво во Северна Македонија, друштвото АГРАГОЛД ДООЕЛ, со седиште во Качанички Пат 168, 1000 Скопје, Македонија, со регистрирана дејност 46.360 – трговија на големо со шеќер, чоколадо и слатки.

Во Северна Македонија Групацијата АГРАНА е присутна со продажба на шеќер, скроб и пченичен глуте.

Меркатор-Емба е еден од водечките производители на преливи за десерти и инстант како во Југоисточна Европа. Меркатор-Емба произведува широк спектар на производи погодни за млечната индустрија и индустријата за производи како сладолед, какао, чоколадо, карамел, како и производи на овошна основа.

Меркатор-Емба нема корпоративно присуство во Северна Македонија, туку генерира промет преку прекугранична продажба од чоколадни пијалоци во прав.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1 и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**